24642

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.
Isečak iz lista / Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
5. XI. 1978, 11419/13

## ИЗЛОЖБИ

# ВО ДОСЛУХ СО СОВРЕМЕНИТЕ ЛИКОВНИ ТЕНДЕНЦИИ

**● Кон изложбата; Аспекти на современата австриска уметност во Музејот на современата уметност во Скопје**

ИЗЛОЖБАТА „Аспекти од осврeмената австриска уметност" доаѓа како раципроцитетна ликовна манифестација на претходно одржаната изложба на македонска современа ликовна уметност во Грац. Традицијата на размена и запознавање со културата на оваа соседна земја заокружува веќе еден десетгодишен јубилеј, а како организатори се јавуваат: Новата галерија при музејот Јоанеум во Грац и Музејот на современата уметност во Скопје.

Интенцијата на организаторите на оваа изложба се заснова на потребата да се презентира помладата генерација ликовни и уметници од Штаермарк. Секако, тоа е еден начин да се прикаже актуелната состојба и тенденциите во ликовната уметност на оваа земја, кој во себе ги ноcи како извесните неотпорности на секоја селекција и концепција на изложба, така и особеностите на одделните истражувања. Прв впечаток е дека австриските уметници од помладата тенерација активно се вклучуваат во тековите на современата ликовна уметност задржувајќи ги некаде одредените национални белези.



Франц Рингел: Газификација, мешана техника

Застапен е широк спектар на стилски определувања што е својствено на вакви групни изложби. Притоа треба да се нагласи дека од ликовните техники и медиуми сликарството го задржува приматот во однос како на квалитетот така и на бројноста на застапените автори. Делата на сликарите како што се Волфгант Херциг, Франц Рингел, Гинтер Валдорф, Франц Мочниг, Петер Хофман и други се карактеризираат со фигуративен пристап во третирањето на мотивот, со експресионистички начин на изразувањето со белези на гротеска и хумор. Духовитоста се забележува и кај оние автори кои се приклонуваат кон таканаречениот нов или суперреализам. Кај некои од нив е повеќе присутна предметната фрагментарност, кај други асоцијативно развивање на „фабулата", мултиплицирање на еден мотив со нота на поетичност и концептуалност. (Норберт Нестлер, Ерих Шинкел, Ингеборг Стробл, Гинтер Шимунек, Карл Странцингер и др.). Делата на Берхард Милер се одликуваат со експресија на сензибилниот графизам, додека автори како што се Драго Прелог, Вилфред Маирус, Петер Сенгл, Хуберт Шмаликс и други со карактеристиките на своите дела се приближуваат до таканаречената нова фигурација. Притоа, како основен белег остануваат нагласениот графизам, наклонетост кон поединечното — предметното и извесна сладникава романтичност. Наивното сликарство е претставено со дело од Стефан Ѓурко кој внесува и други елементи кои сведочат за современоста. Ханс Флореј, Герхард Лојен, Јорит Торнквист, Отмар Крен и други негуваат геометриска апстракција помалку или повеќе со индивидуални својства. Фридрих Панцер се издвојува со експресивната лирска апстракција. Волфганг Бухнер во своите објекти се обидува да внесе спонтан „техницизиран" ракопис а Дорис Рејтер е мошне прецизен во својот концептуализам.

Имајќи ги предвид издвоените и спомнатите карактеристики на презентираните дела на младите австриски уметници културната размена меѓу двете соседни земји станува оправдана и потребна да се негува и во иднина.

**Владимир Величковски**